Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), а во согласност со Заклучокот бр.02-812/6 од 07.02.2014 година, на 7-та седница одржана на 07.02.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува Пописната листа (спецификација) бр.01-699/1 од 05.02.2014 година, со предлог за отпис на нематеријалните и материјалните вложувања, односно отпис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови, кои повеќе не се во употреба, која се доставува во прилог на оваа Одлука (Прилог бр. 1).

2. Да се изврши отпис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови, кои повеќе не се во употреба, содржани во Пописната листа за отпис на Пописната комисија, наведена во точка 1 на оваа Одлука.

3. Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), а во согласност со Заклучокот бр.02-812/6 од 07.02.2014 година, на 7-та седница одржана на 07.02.2014 година, донесе одлука да се усвои Пописната листа (спецификација) бр.01-699/1 од 05.02.2014 година, со предлог за отпис на нематеријалните и материјалните вложувања, односно отпис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови, кои повеќе не се во употреба, која се доставува во прилог. Да се изврши отпис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови, кои повеќе не се во употреба, содржани во наведената Пописна листа за отпис на Пописната комисија. Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 02-699/2

10.02 **2014 год.**
**Скопје**

**Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - Архивата.